# СОВЕТИ ЗА ПОДОБАР

## ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2020

*Сабота, 4 јули 2020*

## ПРАВДАТА И СВЕТОСТА

**„Трудете се да имате мир со сите и светост, без која никој нема да Го види Господа“ (Евреите 12,14).**

Како да имаме мир со Бога? Како да стекнеме мир со ближните? Што е тоа светост, посветување што мораме сите да го имаме? Текстот кажува: „Без ова никој нема да го види Господа.“

Дали сакаме да го видиме Господа на славните облаци, да живееме вечно со него? Без посветување „никој нема да го види Господа!“ Ова е императив за сите нас! Ова е заповед, но и предимство што ни го дава Господ.

Дали светоста е нешто апстрактно, што не може да се сфати и да се види?

Да прочитаме Ефешаните 4,21-24: „Ако навистина сте чуле за Него и во Него сте биле поучувани – дека вистината е во Исуса, тогаш отфрлете го од себе стариот човек според вашето поранешно живеење, кој се распаѓа во измамливите желби, за да се обновите со духот на својот ум и да се облечете во новиот човек, создаден според Бога во вистинска праведност и светост.“

Светост значи отфрлање на стариот начин на живеење. Тоа е обновување „со духот на својот ум“. Светоста претставува облекување во нов човек кој е создаден според Бога, по Божја волја, а и според Божјата природа. Создадени во правда и во светиња на вистината.

Колку прекрасен план Бог има за нас! Но дали тоа е и твоја и моја желба, дали светоста е твоја желба, твоја цел, твое вдахновение во животот? Дали копнееме за светост во животот?

Матеј 5,6: „Блажени се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат.“

Дали сме гладни и жедни за правда?  Како да бидеме свети, праведни пред Бога?

Правдата е светост, сличност со Бога, а Бог е „љубов“ (1. Јованово 4,16). Таа е согласност со Божјиот закон „зашто сите твои заповеди се праведни“ (Псалм 119,172), а љубовта е „извршување на законот“ (Римјаните 13,10). „Правдата е љубов, а љубовта е видело и Божји живот. Божјата правда е олицетворена во Христа. Примајќи го него,

ние ја примаме и правдата“ (*Мисли од горарта на благословитеш,* стр. 16.17).

Драги браќа и сестри, го имаме ли во себе Христа како наша правда и светост? Дали Исус е правда која живее во нашето срце?

Исус е свет и праведен, а таму каде што е Тој, дури и земјата каде што стои е света. Ако Христос е во нашето срце, тогаш и ние сме свети, но само затоа што Тој е свет.

Денешното богослужение на сите нас нека ни даде сигурност и доверба во Христа како наша правда и светост.

*Сабота, 11 јули 2020*

## СВЕТОСТ СО ПОМОШ НА ВИСТИНАТА

**„И со секакво неправедно измамување меѓу оние кои загинуваат, затоа што не ја примиле љубовта на вистината та да би се спасиле“ (2. Солуњаните 2,10).**

Драги браќа и сестри, ова утро сите се собравме за да воспоставиме вистинска заедница со Бога и едни со други. Сите сакаме спасение, сите сакаме да ја дознаеме вистината. Сите нас токму вистината нѐ соединила во едно семејство - духовно семејство.

Но дали имаме љубов кон вистината? Дали ја сакаме, дали ја сакаме и ја применуваме во нашиот живот?

Читаме извадок од Духот на пророштвото:

„Исповедањето на верата и всадувањето на вистината во срцето – тоа се два наполно различни нешта. Не е доволно само да се познава вистината зашто ние можеме да ја познаваме вистината, а при тоа да не сме ги измениле мислите и чувствата. Срцето мора да се преобрати и да се посвети“ (*Христовите параболи*, стр. 66).

Вистината е спасоносна сила, но само кога ќе ја прифатиме и ќе ѝ се покориме. Евреите во Исусово време ѝ се противеле на вистината, не ја прифаќале и цврсто стоеле на своите ставови затоа што во срцето го отфрлиле Спасителот на светот.

**Како дејствува вистината во нас?** „И пак рече: ‘Со што да го споредам царството Божјо? Тоа прилега на квас што го зема жена и го става во три мери брашно, додека скисне сето’“ (Лука 13,20.21).

„Ако вистината се прими со срцето, таа проникнува во свеста и со своите чисти начела дејствува врз целото битие. Таа се вселува во срцето благодарение на Светиот Дух, кој му ја открива на разумот нејзината убавина за да може во карактерот да се согледа нејзината преобразувачка сила“ (РХ, 14 февруари 1899).

Светиот Дух ја врежува вистината во нашите срца, а потоа таа нѐ посветува. Без овој дел и без влијанието на Светиот Дух, читањето на Библијата е бесполезно.

Затоа и денеска, додека ја читаме и ја слушаме вистината, да се молиме на Бога Светиот Дух да ни ја всади вистината во срцето за таа да стане сила која ќе нѐ преобрази и ќе нѐ направи свети мажи и жени.

**Кој е вистината, што е вистината?**

Во Јован 14,6, Исус кажува: „Јас сум вистината!“

Не дека Исус ја има вистината, туку самиот Тој е вистина. Тој е олицетворена вистина. Ако Христос е во срцето како вистина, тогаш Тој нѐ преобразува, нѐ чисти, нѐ посветува и нѐ облагородува. Го имаш ли Исуса во срцето како вистина, како принцип кој дејствува, или пак имаме мртво познавање на вистината?

„Квасецот скриен во брашното дејствува невидливо додека не скисне сето тесто. Така и квасецот на вистината дејствува таинствено, тивко, истрајно и ја преобразува душата. Вродените склоности се смекнати и скротени. Се всадуваат нови мисли, нови чувства, нови побуди. Се поставува и ново мерило на карактерот - Христовиот живот! Умот се менува, способностите дејствуваат во нова насока. Човекот не стекнал нови способности, туку зголемени се способностите што ги има. Совеста се разбудила. Сме добиле карактерни црти што нѐ оспособуваат да извршуваме служба за Бога...

Квасецот на вистината предизвикува промена во целокупното човечко суштество; неучтивите ги прави отмени, грубите нежни, а себичните великодушни. Со негова помош нечистите се чистат од порочноста и се перат во крвта на Јагнето. Сѐ што е поврзано со умот, со душата и телото, тој со својата животодавна сила го сообразува со божествениот живот. Низ неговиот извонреден и совршен карактер се прославува Христос. Кога ќе се случат овие промени, гласовите на ангелите се слеваат во заедничка песна што восхитува, а Бог и Христос се радуваат со душите што го одразуваат божествениот лик“ (*Христовите параболи*, стр. 67.70).

*Сабота, 18 јули 2020*

## УБАВИНАТА НА СВЕТОСТА

**„Воздајте Му слава на Господ на името Негово, поклонете Му се на Господ во Неговото светилиште“ (Псалм 29,2).**

Денеска сакаме да му оддадеме слава на Господа за она што го сторил за нас, за човештвото и за целата вселена. Тој нѐ откупил со својата крв. Тој на цел свет му ја нуди својата рака на помирување и рака на благослов. Со својот крст Господ ги обединил сите небесни суштества, сите ангели. На небото настанал мир благодарение на неговата жртва.

Но Господ ја бара нашата светост, нашата благодарност, нашата преобразба. Нашиот карактер му оддава најголема слава на Бога.

Најголемата желба на Давида е изразена во Псалм 27,4: „Да ја гледам Господовата убавина и да се поучувам во Неговиот свет храм.“ Дали ние ја гледаме „неговата убавина“? Ги гледаме ли делата Господови во нашиот живот, во светот, во неговата црква? Гледајќи ја неговата убавина можеме да се преобразиме во карактерот, во духот во умот.

„Очите твои ќе го видат Царот во Неговата убавина, ќе гледаат непрегледна земја“ (Исаија 33,17).

Дали ова богослужение е прилика за тебе да ја гледаш убавината Господова? „На светот не му се толку потребни луѓе со голем ум, колку луѓе со благороден карактер“ (*Воспитување,* стр. 197).

Колку е убаво да се биде свет маж и света жена. Свет во карактерот, свет во делата на животот. Како да ја имаме убавината на светоста?

Бог сака нашата душа да биде облечена во Христовата убавина и во неговиот карактер. Тоа е наша вистинска убавина. Но како Христовата убавина да стане наша? „Кога со душата владее Христос, таа е непорочна, слободна од гревот. Во животот на тој човек се исполнуваат славата, изобилието и совршенството на евангелскиот план. Спасителот во срцето внесува совршен мир, совршена љубов, совршена сигурност. Убавината и милмирисот на Христовиот карактер што се откриваат во неговиот живот покажуваат дека Бог навистина го прати својот Син на светот да го спаси светот“ (*Христ. параболи,* стр. 360).

Денеска наша одлука нека биде: „Господе, подари ми ја убавината на светоста, светоста на карактерот на твојот Син.“

*Сабота, 25 јули 2020*

## „БИДЕТЕ СВЕТИ, ЗАШТО ЈАС СУМ СВЕТ“

**„Зашто напишано е: ‘Бидете свети, бидејќи Јас сум свет’“ (1. Петрово 1,16).**

Првиот човек во Едемската градина бил идеал за светост на целото човештво. Но за жал, човекот паднал во грев и ја загубил светоста што ја добил со создавањето (Римјаните 3,23).

Божјата желба за човештвото останала иста - човекот да биде Божји храм во кој ќе живее Бог (1. Коринќаните 3,17).

Уште од вечни времиња Божја намера била секое создадено суштество, од светиот серафим до човекот, да биде храм во кој ќе живее Творецот. Човечкиот род, поради гревот, престанал да биде Божји храм. Но, Бог нашол пат и начин како да ни помогне Божјиот лик да се обнови во нас. Со Христовото олицетворение дадена им е шанса на луѓето да бидат Божји храм. Со помош на Светиот Дух Бог може и сака да живее во нас. „Јас ќе Го помолам Отецот, и Тој ќе ви даде друг Утешител за да биде со вас довека, Духот на вистината, Кого светот не може да Го прими, зашто не Го виде, ниту Го познава; а вие Го познавате, зашто во вас е и во вас ќе биде. Нема да ве оставам сираци; ќе дојдам кај вас“ (Јован 14,16-18).

Светиот Дух ни е даден за да престојува во нашето срце. Исус кажува: „Ќе дојдам кај вас!“ Полнотата на божеството сака да живее во нас (Јован 13,23). Зар ова не е прекрасно! Зар ова не е чудесно предимство во нашиот на животот – Божјиот Дух да престојува во нас. Божјето присуство во животот и во срцето прави повторно да станеме свети. Каде што е Бог, таму е и светоста.

Апостол Петар запишал: „Бидете свети.“

Како да бидеме свети? Зар ние можеме да бидеме свети сами по себе, свети со сопствени сили и со сопствените дела? Не!

А сепак, се бара да бидеме свети – како?

Секако, Библијата е јасна дека, во поглед на светоста, „човекот е наполно неспособен со своја сила да го досегне тој степен“ (*Делата на апостолите,* стр. 360). Нашата светост е дар на Божјата милост (1. Коринќаните 1,2).

*Прво,* ние сме свети во Христа и преку Христа ние стоиме свети

пред Бога. *Второ,* ние сме и „повикани во светост", да изградиме практично свет живот. Како?

„Светоста што, според барањата на Божјата реч мора да ја има за да може да биде спасен, претставува резултат на дејствувањето на божествената милост во неговото срце, ако понизно се приклони и ја прифати дисциплината и влијанието на Духот на вистината. Послушноста на човекот може да се усоврши единствено со Христовата праведност, која со својот божествен мирис исполнува секој чин на послушноста. Христијанинот од своја страна е должен истрајно да победува секој свој недостаток. Тој постојано и упорно мора да го моли Спасителот за исцелување на својата со грев заболена душа. Тој нема ниту мудрост ниту сила сам да извојува победа; тоа му припаѓа на Господа, и Тој тоа радо им го дава на оние кои понизно и скршено бараат помош од него" (*Делата на апостолите,* стр. 360).

„Од Него сте и вие во Исус Христос, Кој за нас стана мудрост од Бога, и праведност, и осветување, и откуп, па да биде, као што е напишано: 'Кој се фали, во Господ нека се фали'" (1. Коринќ. 1,30.31).

Нашата светост зависи од Христа. Ако Тој живее во срцето, тогаш и ние стануваме свети. Христос дејствува во нас, преку нас и така практично стануваме свети.

Ова утро сме повикани на светост, како нашиот Бог што е свет. Прекрасна цел, прекрасна мотивација за нашиот живот!

Дали сакаме да соработуваме со Бога за да нè стори свети?

„Каква спогодба има храмот Божји со идолите? Вие сте храм на живиот Бог, како што рекол Бог: „Ќе се вселам во нив и ќе одам меѓу нив; ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ" (2. Коринќаните 6,16).

Ова нека биде цел на денешното богослужние!

*Сабота, 1 август 2020*

## „...СВЕТИТЕ ПИСМА..."

**„Бидејќи уште од малечок ги познаваш Светите Писанија, што можат да те направат мудар за спасение преку верата во Христос Исус" (2. Тимотеј 3,15).**

Бог ни го дал Светото писмо за да ни помогне во нашите желби да бидеме „свети Божји луѓе".

Зошто Бог ни го дал „Светото писмо“?

„Павле, слуга на Исус Христос, повикан за апостол, издвоен за Евангелието Божјо, кое Бог однапред го беше ветил преку пророците, во Светите Писма, за Својот Син, по тело роден од семето Давидово, одреден како Син Божји во силата, по Духот на светоста, преку воскресението од мртвите, Исус Христос, нашиот Господ. Преку Него добивме благодат и апостолство за да ги приведеме на послушност кон верата меѓу сите народи во Негово име“ (Римјаните 1,1-5).

**„За Евангелието Божјо.“**

„Божјите зборови се извор на животот и ако копнеете за тие живи извори, со помош на Светиот Дух ќе остварите заедница со Христа“ *(Мисли од Горатā на блāгословитē,* стр. 17).

Цел на Библијата е да воспоставиме заедница проникната со љубов и почит кон Бога како наш духовен Татко.

Дали ја читаме Библијата и колку читаме? Дали ги прифаќаме нејзините пораки во нашиот живот?

Од Библијата ни зборува Бог; дали ја имаме таа светост на Божјето присуство во неговата Реч?

Библијата е книга што спасува, зашто нè упатува на Христа и на неговото дело. Библијата е книга и што осудува, ако се спротивставиме на нејзините пораки.

Светите списи длабоко влијаат врз совеста на човекот (Евреите 4,12). „Речта стана тело.“ Бог сака неговата пишана Реч да се отелотвори во мене и во тебе, за ние да бидеме олицетворение на она што пишува во неа. Кога луѓето нè гледаат нас, треба да ги видат сите библиски принципи во практика.

Тогаш Библијата е жива, силна да го менува животот и да упатува на Христа (2. Коринќаните 3,2).

Ако живееме според светите Писма, тогаш ние, нашиот живот, зборовите и делата се жива Библија што ја читаат сите оние кои не го познаваат Бога.

Да се покажеме како „Христово послание“ (2. Коринќаните 3,3), упатено до нашите домови, до улиците, до градот каде што живееме.

*Сабота, 8 август 2020*

## „НЕ ЖАЛОСТЕТЕ ГО СВЕТИОТ ДУХ...“

**„И не жалостете Го Светиот Дух Божји, со Кој сте запечатени за денот на избавувањето“ (Ефешаните 4,30).**

И денеска Исус на сите нас ни посакува добредојде. Исус сака да се сретне со нас и да воспостави блиска заедница, да нѐ благослови, да нѐ стори среќни. Но, најмногу од сѐ Тој посакува да бидеме таму каде што е Тој.

Светиот Дух учествувал во создавањето на светот. Тој учествувал и при создавањето на планот за спасение на човештвото. Светиот Дух го приготвил Исуса за неговото отелотворување и за раѓање на земјата. Во борбата со злото и сатаната, Тој го водел Исуса од победа во победа. Најголемиот дар што Исус можел да ѝ го даде на својата црква е дарот на Светиот Дух.

Со својата смрт, со воскресението и со своето преземање на првосвештеничката служба во небесната светиња, Исус го отворил патот, ги исполнил условите за доаѓање на Светиот Дух во срцата на луѓето.

Светиот Дух е Дух на посветување. Тој има задача божествениот лик, дегенериран со падот во грев, да го обнови во нас така што човекот да стане Божје дете во вистинска смисла на зборот.

Светиот Дух можеме да го ожалостуваме кога му се противиме, кога грешиме, кога го занемаруваме или го отфрламе.

Без Светиот Дух нема победа во животот, нема успешно проповедање на евангелието. Светиот Дух работи врз нашето обратување, врз нашето посветување и запечатување.

Светиот Дух е залог на нашето спасение. Светиот Дух е Христово присуство во душата. Светиот Дух е свет и Тој го посветува оној во кого живее. Тој не води во формализам или груб фанатизам. Тој ни помага да изградиме правилен став кон спасението.

Целото Небо соработува на нашето спасение. Бог Отецот нѐ љуби, Исус умрел за нас, а сега живее за нас во Светињата над светињите. Светиот Дух е во нас, во нашите срца за да нѐ приготви и да нѐ оспособи за живот со Бога.

И денешното богослужение нека поттикне во нас одлука да сакаме да се придружиме кон напорите што ги вложува небото за нашето спасение.

*Сабота, 15 август 2020*

## СВЕТИТЕ ПРОПИСИ НА БОЖЈИОТ ЗАКОН

„Господовиот Закон е совршен – ја крепи душата; Господовото сведоштво е верно - му дава мудрост на неукиот“ (Псалм 19,7).

Бог е љубов и Тој својата љубов ни ја покажува и сака да ја всади во нашите срца. Господовиот закон е израз на таа љубов, желба да бидеме среќни, радосни и вечно благословени.

Божјиот закон е израз на два големи небесни принципи, а тоа се: љуби го Господа над сè и љуби го ближниот како себеси. Со прекршувањето на тие закони на љубовта се јавува грев, бунт против Бога, болести на земјата и на крајот смрт...

Страшни се последиците од кршењето на моралниот закон на нашиот Господ. Со паѓањето во грев ние сме дошле во судир со божествените прописи. Законот денеска нас нè осудува. Тој бара казна за прекршителот. Тој е праведен и бара правда.

Што да правиме сега? Можеме да се однесуваме како да не постои Законот или спротивно на тоа, стриктно да го држиме со желба да го заработиме нашето спасение. Но, тогаш забележуваме дека не можеме да го држиме, зашто нашата природа е расипана. Законот бара правда, а правда е прекршокот да се казни.

Што да правиме?

„Христос нè откупи од проклетството на Законот, откако стана проклетство за нас!“ (Галатјаните 3,13).

Мојата кривица може да се прости, зашто некој ја платил казната за мојот прекршок. Христос умрел наместо нас (Галатјаните 2,16).

Законот нас нè води кон Христа, во него да најдеме Спасител. „Со вера да се оправдаме“ (Галатјаните 3,24). Уживаш ли во радоста на проштавањето на гревот? Дали си ја прифатил Исусовата жртва поради твоите гревови? Дали си оправдан со Христовата крв?

Ако не си, зошто не го побараш тоа сега од Исуса – да биде твој Спасител!

Ако Исус те примил, што сега? Што да правиме за да не ги кршиме веќе светите прописи? Како можат тие да станат составен дел на нашиот живот и на нашето однесување?

„Зашто ова е Заветот со кој ќе го заветувам Израелевиот дом по

оние денови, вели Господ: 'ќе ги вложам Своите закони во нивниот ум, и ќе ги напишам во нивните срца. Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ'" (Евреите 8,10).

Еве го решението. Светиот Дух ќе ги напише светите прописи на законот во нашите мисли и во нашите срца. Така Исус нè оспособува да се сообразиме со неговата волја. „И кој ги пази Неговите заповеди, останува во Него и Тој – во него. И по тоа знаеме дека Тој останува во нас: по Духот Кого ни Го дал" (1. Јованово 3,24).

Законот во срцето не е ништо друго туку Божјиот карактер во срцето. Да се молиме денеска за Божјата светост да биде врежана во нашето срце!

*Сабота, 22 август 2020*

## СВЕТОСТА НА САБОТАТА

**„Ова е денот што Господ Го направи да Му воскликнуваме и да Му се радуваме Нему!" (Псалм 118,24).**

Кој е тој ден на радост и веселба што им е даден на луѓето?

„Така беа довршени небото и земјата со сето свое воинство. И на седмиот ден Бог ги заврши Своите дела, што ги направи. И се одмори во седмиот ден од сите Свои дела, што ги направи. И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во него се одмори од сите Свои дела, кои ги создаде Бог и ги направи" (1. Мојсеева 2,1-3).

Саботата е благословен ден на Творецот. Сабота е посветен ден – одвоен за посебна употреба. Сабота е свет ден. Сабота е дадена за одмор.

**Сабота е благословен ден!**

Кој ја благословил саботата? Текстот кажува - Бог. Ние денеска го празнуваме денот што го благословил Бог, и со самото тоа сме благословени.

Дали сме свесни за благословите што ги добиваме во сабота? Саботата е ден на радост, на заедница и средба со Бога, средба со црквата, со браќата и сестрите.

Дали сме благословени во сабота или понекогаш остануваме без тој благослов?

Што значи тоа дека сабота е благословена? Како божествениот благослов ја изразува Божјата грижа кон човекот? Значи ли тоа само лична желба? Во Светото писмо Божјите благослови не значат само лична желба, туку гаранција за обилни плодови, за напредок и среќа – со еден збор полн и обилен живот.

На пример, според 1. Мојсеева 1,28 тоа е благослов за плодност и власт: „Еве, ви дадов секакви билки што даваат семе по целата земја, и секакви дрвја што во себе имаат семе според својот род и вид; тоа да ви биде за храна". Бог ги благословил рибите и птиците во 1. Мојсеева 1,22: „Плодете се и множете се, и наполнете а водата во морињата, и птиците нека се намножат на земјата". Или, кога Бог му кажал на Аврама во врска со неговата жена Сара – 1. Мојсеева 17,16: „Јас ќе ја благословам, и ќе ти дадам син од неа; ќе ја благословам, и народи ќе потекнуваат од неа, и цареви на народи ќе излезат од неа".

Прекрасно е толкувањето на зборот благослов над народот - 4. Мојсеева 6,24.26. Овде благословот значи Божја заштита од секоја загуба и грев, долг живот, среќа и мир. Со еден збор – духовна и физичка благосостојба, обилен и полн живот (Псалм 133,3).

Кога станува збор за саботниот благослов, ништо не ни се кажува што содржи тој благослов. Но овде можеме да го примениме ова што го кажавме до сега.

Настанот поврзан со паѓањето на маната во пустината ни помага подобро да сфатиме во што тогаш се состоел благословот на саботата 2. Мојсеева 16,21-31. Божјиот благослов е истакнат со ова чудо – зачувувањето на маната од расипување во сабота. Всушност тоа е гаранција дека Бог ќе ни даде физичка храна и ќе ни го сочува животот ако го почитуваме Него и неговите заповеди.

**Саботата е посветена**

Изразот „посвети" значи да се издвои, да се издели за Бога и за света цел. Саботата е издвоена за Бога и за света служба. Забележете дека саботата ја посветил Бог, а не човек.

Светоста на саботата е поврзана со Божјето славно присуство во тој ден. Светоста на саботниот ден не е некое волшебно својство со кое Бог би го проникнал тој ден, туку светоста на саботата е Божје величествено присуство што се покажува во животот на неговиот народ.

„Кажи им на синовите на Израел така: пазете ги саботите Мои, зашто тоа е знак меѓу Мене и вас од колено до колено, за да знаете дека Јас сум Господ, Кој ве осветува“ (2. Мојсеева 31,13).

Светоста на саботата овде е изедначена со посветувачкото присуство на Господа во саботниот ден. Божјето присуство е извор на благослови и среќа за нас. Саботата без Бога е обичен ден.

Сабота е симбол на одмор во душата, но и средство што ни помага овој одмор да го искусиме.

Божјата светост може да се искуси од петок со зајдисонце, до зајдисонце во сабота. Тоа е рамката во која можеме да го искусиме Божјето свето присуство.

Божјето присуство што сме го доживеале во сабота, има свое влијание и одраз врз сите работни денови во седмицата и тогаш нашиот живот е на слава на Бога и на благослов на ближните.

*Сабота, 29 август 2020*

## ЛАЖНА СВЕТОСТ

**„Не секој што Ми вели: ‚Господи, Господи‘, ќе влезе во царството небесно, туку оној што ја исполнува волјата на Мојот Отец небесен“ (Матеј 7,21).**

Од каде потекнува лажната светост?

„Тогаш змијата и рече на жената: „Не, нема да умрете! Но Бог знае дека оној ден кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло“ (1. Мојсеева 3,4.5).

Сатаната е автор, творец на лажната светост. Со помош на теоријата за лажна светост ги измамил Адама и Ева. На ист начин и една третина од ангелите биле измамени (Откровение 12,9). Сатаната и Исуса го искушавал со лажна светост (Матеј 4,1-4. 8-11).

Ние се изложуваме на сериозна опасност ако само формално се стремиме кон светост!

„Не секој што Ми вели: ‚Господи, Господи‘, ќе влезе во царството небесно, туку оној што ја исполнува волјата на Мојот Отец небесен. Мнозина ќе Ми речат во оној ден ‚Господи, Господи, нели во Твое име пророкувавме? И зар во Твое име демони не изгонувавме? И

нели во Твое име многу чуда правевме?‘ И тогаш Јас ќе им кажам: ‚Никогаш не сум ве познавал; бегајте од Мене вие што правите незаконски дела!‘“ (Матеј 7,21-23).

Како можеме да знаеме дали негуваме лажна светост?

1.„Кога некои тврдат дека се свети, тие даваат доволно докази дека се далеку од тоа да се свети... Колку е поголемо растојанието меѓу нив и нивниот Спасител, тие си изгледаат сѐ поправедни во своите очи“ (Е. Г. В., *Библиско посветување,* стр. 6).

2. „Тие го оставаат на страна разумот и расудувањето и целосно се потпираат врз своите чувства, засновувајќи ги своите тврдења за посветување врз емоциите што ги искусиле некогаш“ (Исто, стр. 8).

3. „Оние што им го обрнуваат вниманието на другите на своите добри дела, постојано зборуваат за некаква своја безгрешна состојба... Со тоа тие само ги мамат своите сопствени души“ (Исто, стр. 11).

Дали и ние сме во опасност да се надеваме или да се покажуваме со лажна светост? Ако до сега тоа било случај, зар не е време денеска да ја отфрлиме нашата светост и да ја земеме Христовата светост?

„Библиското посветување го опфаќа целокупното битие – духот, душата и телото“ (Исто, стр. 5).

„Клонете се од секакво зло! А Сам Бог на мирот да ве освети наполно во сѐ, и целиот ваш дух и душата и телото да се запазат без порок за доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос!“ (1. Солуњан. 5,22.23).

Тоа е вистинска светост. Вистинското посветување е целосна усогласеност со Божјата волја. Бунтовните мисли и чувства се надминати и Исусовиот глас буди еден нов живот што го проникнува целото суштество. Оние кои навистина се посветени нема да го истакнуваат своето мислење како мерило за другите.

Самооткажувањето, пожртвуваноста, добрчинството, љубезноста, трпението, постојаноста и христијанското надевање се секојдневни плодови што ги носат оние кои имаат вистинска врска со Бога. А вистинскиот, праведниот човек, не е свесен за својата добрина и побожност. Тој за тоа е несвесен, зашто истото е во согласност со неговите навики и склоности. Негово јадење и пиење е да ја исполни волјата на својот небесен Отец. Неговиот живот е скриен со Христа во Бога.

„Она што го видовме и го чувме, тоа ви го навестуваме, та и вие да имате заедништво со нас; а нашето заедништво е со Отецот и

Неговиот Син, Исус Христос“ (1. Јованово 3,1).

Тоа е нашата положба и наша цел. Со заслугите на Исуса Христа ние можеме да бидеме издигнати во заедница со светото Тројство и со ангелите.

Ние сме наречени Божји деца. Со Божја помош да бидеме тоа уште сега во животот, за да бидеме тоа и низ сета вечност.

*Сабота, 5 септември 2020*

## „СВЕТ Е ГОСПОД!“

**„Четирите животни имаа по шест крилја околу себе, а однатре беа полни со очи, и без прекин дење и ноќе воскликнуваа: ‘Свет, свет, свет е Господ Бог Седржителот, Кој беше, Кој е и Кој ќе дојде!’“ (Откровение 4,8).**

Едно свето суштество го негирало Божјиот карактер на љубовта, Божјата светост. Од тогаш во вселената се појавила голема криза на доверба во Божјата светост на карактерот.

Дали Бог е свет во карактерот и во дејствувањето? Дали Бог е љубов? Тоа биле прашања што го растревожиле срцето на ангелите и на другите создадени битија во вселената. Низ многу векови тоа било двоумење и на многу луѓе на оваа земја. Од одговорот на овие прашања зависи и нашиот однос кон Бога, кон неговата волја и кон неговото постапување со нас.

Дали сме уверени дека Бог е свет во своите дела?

„Секоја пројава на моќта на Творецот е израз на неговата бесконечна љубов... Историјата на големата борба меѓу доброто и злото, уште од мигот кога таа првпат избувнала на небото, па сѐ до конечниот слом на бунтот и до целосно искоренување на гревот, исто така сведочи дека е очигледна пројавата на Божјата љубов која не се менува“ (*Патријарси и пророци*, стр. 8).

Нашиот Господ решил бунтот што наидувал да го искористи слободната вселена да ја постави врз вечните темели на сигурноста. Тој тоа ќе го стори така што во светлината на постапувањето со бунтот и со побунетите ќе го покаже својот карактер на љубов, на проштавање, трпение и провидение. Но во исто време целата вселена

ќе увиди кој е сатаната, што е негова цел и каде води бунтот против Бога, против неговата волја и закон.

Било неопходно на жителите на целата вселена да им се разјасни дека Божјето владеење е праведно, а неговиот Закон совршен.

„За добро на целата вселена низ бесконечните времиња, било потребно тој (сатаната) поцелосно да ги развие своите начела, со цел обвинувањата против Божјето владеење да можат да се согледаат во нивната вистинска светост, а правдата и Божјата милост, како и непроменливоста на неговиот закон, засекогаш да останат надвор од секое сомневање" (*Патријарси и пророци*, стр. 43).

Како Бог ќе ја оправда и ќе ја издигне својата светост? Еве кои три настани го покажуваат вистинскиот став на вселената кон Бога:

**Првиот настан.** Христовата смрт на Голгота покажала кој е Бог, какви се неговите намери за човештвото и во која мера Бог е подготвен да се понизи за да ги спаси своите суштества. Христовата смрт ја симнува маската од лицето на сатаната и го покажува неговиот вистински карактер.

**Вториот настан**, кој ја брани Божјата светост - е судот над верниците. Бог ќе покаже дека Тој не спасува само одделни луѓе затоа што само тие му се допаѓаат. Бог сака на судот да покаже кој ќе биде спасен и зошто. Тоа ќе бидат луѓето кои имаат правилна претстава за Божјата светост, луѓе кои целосно му се предале на Бога.

**Третиот настан** што ја брани Божјата светост е судот за време на милениумот. Бог ќе покаже пред целата вселена зошто сатаната, неговите ангели и непокајаните луѓе на крајот ќе бидат уништени. Тогаш ќе се види дека за гревот и бунтот не постоела причина и дека тие не се уништени поради некакво Божје самоволие, туку нив ќе ги осудат и казнат нивните сопствени дела.

Целосното уништување на сатаната кое, кога би „било извршено веднаш на почетокот, би ги уплашило ангелите и на Бога би му нанело срам, сега ќе ја оправда неговата љубов и ќе ја издигне неговата чест пред сите суштества на вселената... Проверените и искушани созданија никогаш веќе нема да отпаднат од својата приврзаничка верност кон Оној чијшто карактер се открил пред нив како непреодолива љубов и бесконечна мудрост" (*Големата борба*, стр. 410).

Сите собрани пред престолот „без прекин дење и ноќе восликнуваа: 'Свет, свет, свет е Господ Бог Седржителот, кој беше, кој е и кој

ќе дојде!'... паѓаат пред Оној, кој седи на престолот, и Му се поклонуваат на Оној, кој живее во вечни векови, и ги положуваат своите круни пред престолот, велејќи: 'Достоен си, Господи и Боже наш, да ја примиш славата, и честа и силата, зашто Ти си создал сè, и заради Твојата волја суштествува сè и е создадено'" (Откровение 4,8-11).

Дали и ние сакаме да му се придружиме на ова мноштво во прославувањето на Бога?

*Сабота, 12 септември 2020*

## РЕФОРМА НА ЖИВОТОТ И НАШАТА СВЕТОСТ

Човекот е создаден според Божјиот лик: 1. Мојсеева 1,26.27

„Неговата природа наполно одговарала на Божјата волја... Склоностите му биле чисти; со неговите барања и страсти владеел разумот. Тој бил свет и среќен што го носи Божјиот лик" (*Патријарси и пророци*, стр. 15).

Но со падот во грев, тој лик доживеал деформација и, кога Исус не би интервенирал за да го спаси човекот, се заканувала опасност потполно да се избрише од неговата природа.

„А гледаме дека Исус Христос, кој за кратко време беше поставен пониско од ангелите, поради претрпената смрт беше овенчан со слава и чест, та, по Божјата благодат, Тој да вкуси смрт за сите. Зашто му прилегаше на Оној, поради кого е сè и од кого е сè, при донесувањето на многубројните чеда во слава, преку страдања да го усоврши Зачетникот на нивното спасение. Бидејќи и Оној што осветува, и оние што се осветуваат, сите се од Еден; и затоа Исус не се срамува да ги нарече браќа" (Евреите 2,9-11).

Исус многу синови ќе доведе во славата со своето и со нашето посветување. Тој ни се посветил нам за ние да му се посветиме Нему.

Да гледаме на Христа, кој му се посветил на нашето спасение: Тој создал план за наше спасение. Тој умрел за нас и сега живее за нас. Тој сега е во Светињата над светињите каде што се моли за нас, каде што нè брани од обвинувањата на сатаната, каде што често нè брани и од самите нас; каде што ги прима нашите молитви, праќајќи ни ги на помош Светиот Дух и ангелите. Исус целосно ни се посветил нам и на нашето спасение.

Дали ова сознание нè мотивира и ние исто така да му се предадеме нему, да го прославиме неговото име? Тоа би требало да биде императив на нашиот живот.

Доаѓа време кога светите и несветите ќе се изделат и тоа потполно и засекогаш. За тоа читаме во Откровение 20, 6.5.15: „Блажен и свет е оној кој има дел во првото воскресение; над нив втората смрт нема власт, а ќе бидат свештеници на Бога и ќе царуваат со него илјада години. Другите, пак, од умрените не оживеаја додека не се навршија илјада години. Тоа е првото воскресение... И кој не беше запишан во книгата на животот, беше фрлен во Огненото Езеро."

Тоа значи вечно одвојување на светите и несветите! Каде ќе бидеме ние тогаш? На чија страна? Дали сме свети во Христа денеска? Тоа ни покажува каде би се нашле кога Исус би дошол денеска?

Советот на Божјата реч гласи: „Затоа и ние, имајќи толку многу сведоци, да отфрлиме од себе секакво бреме и грев, што лесно се прилепува за нас, и со трпеливост да побрзаме кон претстојната борба" (Евреите 12,1).

Ова свето богослужение нека стори тоа да биде чекор поблизу кон таа голема цел.

*Сабота, 19 септември 2020*

## СВЕТОСТА И НЕБОТО

**„А Господ е во Својот свет храм: нека замолкне целата земја пред лицето Негово!" (Авакум 2,20).**

Небото е свето место. На небото нема грешници.

„Сега знам дека Господ ќе му помогне на Својот помазаник, ќе го услиши од светите Свои небеса" (Псалм 20,6).

Зошто небото е свето? Затоа што Бог е свет, зашто Исус е свет а и Светиот Дух е свет.

Највозвишена од Христовите особини е неговата светост. Ангелите паѓаат пред него на колена извикувајќи: „Свет, свет, свет е Господ Седржител" (Откровение 4,8). За него е кажано дека е „славен во својата светост" (*Христијанско воспитување,* стр. 402).

„Ако го посматрате Христа и копнеете за него со вера и со молитва, ќе станете слични на него" (Исто, стр. 402).

Дали го посакуваме Христовиот дух и неговиот карактер? Тогаш да го посматраме во неговата љубов кон нас. Да копнееме за него и за неговиот карактер. Со вера и со молитва да се соединиме со него. Какво предимство, каков идеал за сите што ја бараат светоста?

„Господ е во својот свет храм“ (Псалм 11,4; Авакум 2,20)

Свет храм, свет престол – тоа е местото на Божјето живеење. Господ сака ние и нашето тело да бидеме свет храм, а нашето срце свет престол каде што владее Исус.

Што го прави местото свето? Божјето присуство! (2. Мојсеева 25,8).

Кога ќе стане сè свето! „Ќе дојде мојот Господ Бог, и сите свети ќе бидат со тебе“ (Захарија 14,5).

Доаѓа време кога сите свети ќе се обединат во прославувањето на својот Бог! Дали и ние ќе бидеме во таа група на свети кои здружено го обожаваат Господа? (Откровение 5,11-13)

Секој од нас денеска нека донесе одлука да биде во тоа мноштво!

*Сабота, 26 септември 2020*

## ПОЧЕСЕН НЕБЕСЕН СПИСОК

**„И нема во него да влезе ништо нечисто, ни оној кој врши гнасни работи и лаже, а само оние кои се запишани во книгата на животот на Јагнето“ (Откровение 21,27).**

Што можам да сторам јас за да бидам запишан во животната книга на Јагнето? Дали воопшто е можно да бидеме победници? Евреите 11 глава е една страна на тој небесен почесен список на спасени. **Да прочитаме заедно Евреите 11,32-40.**

Каде ги видел Јован Божјите победници?

„Потоа видов, и ете, големо мноштво народ, кое никој не можеше да го преброи - од сите племиња и колена, народи и јазици; тие стоеја пред престолот и пред Јагнето, облечени во бели облеки и со палмови гранчиња во рацете. И воскликнуваа со висок глас, велејќи: ‘За спасението наше слава на нашиот Бог, Кој седи на престолот, и на Јагнето!’“ (Откровение 7,9.10).

Каква победа, победа на која сме повикани и јас и ти!

„Тие ја завршиле својата трка и ја примиле наградата. Палмовите

гранчиња во нивните раце го означуваат симболот на нивната победа, а белата облека, знакот на совршената Христова праведност која сега станала нивна“ (*Големата борба*, стр. 560).

Ова е нашата иднина! Ете што ќе стори Бог со својот народ: „И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина. И Седнатиот на престолот рече: ‘Ете, сѐ ново создавам.’ И ми рече: ’Напиши, зашто овие зборови се вистинити и верни’“ (Откровение 21,4.5).

Дали се радуваме на новата иднина и дали се приготвуваме за неа?

Зар не е време сериозно да размислуваме за ова и да донесеме сериозни одлуки во тој правец?

Денеска стоиме пред повикот на Исуса да му дадеме целосна власт во нашиот живот. Денеска е време на нови одлуки, време на нова посветеност на Бога!

**ГРАДИВО 3/2020**
**Совети за подобар христијански живот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква, црква на адвентистите на седмиот ден во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**